## **Annex 1** Decision for approved Elaborate for environmental protection for Subsection 1

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

Арх.бр.УП1-11/4 945/2019
Дата. 18. 07. 2019

ДО: „Јавно претпријатие за државни патишта"
ул. "Даме Груев" бр.14
1000 Скопје

ПРЕДМЕТ: Доставување на Решение

Почитувани,

Во прилог на овој допис Ви доставуваме Решение со број УП1-11/4-921/2019, за одобрување на Елаборатот за заштита на животната средина за проект: „Изградба на автопат А4, делница ГП „Блаце" – Скопје (клучка „Стенковец"), Подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП „Блаце" до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце", за потребите на инвеститорот "Јавно претпријатие за државни патишта" од Скопје.

Со почит,

МИНИСТЕР
Naser Nuredini

Изработил: Дејана Тодоровска
Контролирал: Александар Петковски
Согласен: Билјана Петкоска
Одобрил: Директор на Управа за животна средина Xhezmi Salihu

1

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

1 8. 07. 2019

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

Врз основа на член 24 став 7 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр.53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016), постапувајќи по барањето на "Јавно претпријатие за државни патишта" од Скопје, за одобрување на Елаборатот за заштита на животна средина број УП1-11/4-945/2019 од 24.06.2019 година, Директорот на Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање го издава следното

# РЕШЕНИЕ

## За одобрување на Елаборат за заштита на животна средина

1. Со ова Решение се одобрува Елаборатот за заштита на животната средина од јуни 2019 година, изготвен од страна на Друштво за еколошки консалтинг "ДЕКОНС-ЕМА" ДООЕЛ од Скопје, за проект: „Изградба на автопат А4, делница ГП „Блаце" – Скопје (клучка „Стенковец"), Подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП „Блаце" до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце", за потребите на инвеститорот "Јавно претпријатие за државни патишта" од Скопје.

2. Од доставената документација констатирано е дека со спроведување на проектот нема да има значителни влијанија врз животната средина.

3. Инвеститорот се задолжува целосно и без исклучоци да се придржува кон пропишаниот режим и мерки за заштита предвидени во Елаборатот за заштита на животна средина, како и кон дополнителни решенија доколку низ изградбата и експлоатацијата на проектот се покаже потреба од зголемен обем и вид на превенција.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.



Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

**Образложение**

Од Ваша страна беше доставен Елаборат за заштита на животната средина за проект: „Изградба на автопат А4, делница ГП „Блаце“ – Скопје (клучка „Стенковец“), Подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП „Блаце“ до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце“, за потребите на инвеститорот “Јавно претпријатие за државни патишта“ од Скопје.

Локацијата на проектот се наоѓа во општина Чучер Сандево, на оддалееченост помала од 1 km. Вкупна должина на трасата е 2 km.

Предметниот Елаборат за заштита на животната средина е изготвен согласно Правилникот за формата и содржината на Елаборатот за заштита на животната средина согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување како и начинот на водење на регистарот за одобрени Елаборати (Службен весник на Република Македонија бр. 44/2013 и 111/2014), од страна на Друштво за еколошки консалтинг “ДЕКОНС-ЕМА” ДООЕЛ од Скопје.

**Правна поука**: Против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државна Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Директор на
Управа за животна средина
Xhezmi Saliu

Изработил: Дејана Тодоровска
Контролирал: Александар Петковски
Согласен: Билјана Петкоска